Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-311/4
03-06-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-311/1 од 12.3.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на ул. Даме Груев бр. 1/4-17, против [redacted] за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 31.5.2024 година го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-311/1 од 12.3.2024 година поднесена од [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На ден 12.3.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Согласно член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.
Согласно член 5 од Законот, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.
Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше наведена дискриминаторската основа врз која подносителката смета дека била извршена дискриминацијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.3.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката во насока што ќе наведе дискриминаторска основа.

Подносителката на ден 28.3.2024 година достави дополнување на претставката со кое приложи Одговор на барање од ЈЗУ Здравствен дом Скопје бр. 04-335/2 од 14.2.2024 година, но повторно не наведе дискриминаторска основа.

Од причина што претставката не беше соодветно доуредена во предвидениот законски рок од страна на подносителката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради неуредност.

Скопје
31.5.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]